Кодекс

Образованието отсекогаш претставувало основна движечка сила во креирањето на етички парадигми и стандарди за перципирање, евалуирање и дејствување. Во пресрет на предизвиците од новиот милениум, заедно со издигнувањето на свеста за заедничките човечки вредности и за припаѓањето кон глобалниот културен простор, уште еднаш експлицитно се потврдува значењето на образованието за развојот и одржувањето на стабилни, мирни и демократски општества.

Кодексот на ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар претставува резултат на волјата, соработката, договарањето и желбите на сите вклучени во воспитно образовниот процес на училиштето, со цел да се подигнат меѓусебните односи на што повисоко ниво на соработка; меѓусебното почитување и уважување; почитувањето на законите, на декларациите за човековите права и правата на детето.

Училиштето ги цени сите учесници во воспитно-образовната работа и знае дека може да биде успешно само ако има мотивирани и вредни луѓе кои имаат право и должност да го искористат своето знаење, способностите и интересите, кои се вклучени во работата и развојот на училиштето, прифаќајќи го при тоа својот дел од одговорноста.

Секој облик на дискриминација во училиштето и надвор од него е неприфатлив.

Крајна цел на спроведувањето на кодексот е:

- поттикнување на вербата во етичките вредности кај сите учесници во работата на училиштето како неизбежни фактори за постигнување успех;

- поттикнување на сите учесници во работата на ова училиште да се однесуваат според етичките начела;

- создавање околина во која сите учесници во воспитно-образовната работа ќе се чуствуваат добро и ќе бидат горди со себе и со училиштето;

- градење на препознатливост на училиштето, како институција во која се почитуваат етичките вредности.

Основни етички вредности и принципи

Вработените на ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар при вршење на работните задачи се раководат од следниве етички вредности и принципи:

- Непристрасност, објективност и подготвеност да им се помогне на учениците во процесот на стекнувањето на знаења, ставови и вредности.
- Демонстрирање на свест и почит за способностите, јазикот и културата на секој ученик поединечно.
- Навремено и ефикасно изведување на наставата и посветеност на образованието.
- Промовирање на високи морални вредности и педагогија на еднаквоста.
- Донесување на демократски и транспарентни одлуки во врска со наставата и напредокот во учењето на учениците.
- Создавање на клима за учење што го развива потенцијалот на секој ученик.

- Идентификување на сопствените потреби и интереси за доживотно образование и професионален развој.
- Следење на новите научни достигнувања и саморефлексија на сопствената работа.
- Отвореност за соработка со поширокатa општествена заедница.
-

Сите учесници во воспитно-образовната работа ќе се запознаат со одредбите на Кодексот, ќе ги почитуваат и применуваат неговите начела.

Кодекс

1. ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

◊ **СПРЕМА ПРОФЕСОРИТЕ И ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

Учениците ќе:

o ги почитуваат професорите и останатите вработени во училиштето;

o бидат одговорни во својата работа; го задржат угледот на училиштето преку нивното лично однесување и одговорен пристап кон работата.

o бидат вистинољубиви, праведни и добри;

o го чуваат училишниот имот и околината; преку своите активности да промовираат еколошката свест и да придонесат за заштита на животната средина.

o се потрудат да остават свој белег на училиштето за да го чувствуваат како свој втор дом.

◊ **КОН ДРУГИТЕ УЧЕНИЦИ**

Учениците ќе:

o ги почитуваат различноста и личноста на другите ученици; да одржуваат, поддржуваат и поттикнуваат односи на меѓусебно почитување и толеранција; дискриминацијата не е дозволена на верска, национална, расна или која било друга основа

o избегуваат потценување, исмејување и озборување;

o бидат праведни, ќе соработуваат и меѓусебно ќе се помагаат; развиваат пријателски односи

o бидат ненасилни. Несогласувањата и конфликтите треба да се решат со ненасилство и со договор.

◊ **КОН РОДИТЕЛИТЕ**

Учениците ќе:

o ги почитуваат родителите;

o ги слушаат ставовите на родителите и за нив ќе размислуваат критички;

- бидат искрени кон родителите.

Кодекс

2. ОДНЕСУВАЊЕ НА ПРОФЕСОРИТЕ И ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

◊ **СПРЕМА УЧЕНИЦИТЕ**

Професорите и останатите вработени ќе:

- го почитуваат ученикот како личност;
- обезбедат интерактивна настава;
- се однесуваат подеднакво кон сите ученици, без обзир на разликите во знаењето, способностите или социјалната положба;
- ги оценуваат учениците праведно, според знаењето и залагањето;
- им излегуваат во пресрет на учениците, ќе ја уважуваат нивната индивидуалност, нивните потреби и нивните проблеми;
- создадат пријатно и безбедно училишно опкружување.

◊ **СПРЕМА ДРУГИТЕ ПРОФЕСОРИ И ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

Професорите и останатите вработени ќе:

- ја почитуваат личноста на другите колеги и вработени;
- ги уважуваат другите наставни предмети и другите работни задачи, како и различното мислење;
- бидат несебични во соработката со колегите;
- бидат одговорни за својата работа;
- дадат личен придонес во создавањето на пријатен амбиент во колективот.

◊ **СПРЕМА РОДИТЕЛИТЕ**

Професорите и останатите вработени ќе:

- ја почитуваат личноста на родителот;
- им пружат стручна помош на родителите во процесот на воспитување и образование на нивните деца;

- се трудат да воспостават пријателски и доверлив однос со родителите.

Наставникот на своите ученици треба да им соопшти дека тие во текот на своето школување имаат право:

- Да се стекнат со квалитетно образование и воспитание, што подразбира да се здобијат со знаење во однос на пропишаните цели во наставните програми по наставните предмети кои ги изучуваат, а се пропишани со одредени закони и подзаконски акти.
- Учениците треба навремено да бидат информирани за своите права и обврски како ученици, како и навремено да добиваат информации кои се од важно значење за нивното школување.
- Личноста на ученикот треба да биде почитувана од страна на релевантните образовни фактори.
- Учениците во текот на своето школување трба да добиваат соодветна поддршка во однос на нивниот развој, да биде развиван нивниот талент покажан во соодветна област и истите да бидат афирмирани преку нивните покажани резултати.
- Имаат право да организираат одделенски заедници на ниво на паралелка, односно на ниво на училиште преку кои може да ги реализираат своите потреби и да учествуваат во работењето на училиштето.
- Доколку не се задоволни од она како се вреднувани, имаат право да поднесат приговор, односно жалба.
- Во текот на школувањето учениците имаат право да добиваат стипенди за нивните врвни постигнати успеси, согласно законите за основно и средно образование каде образованието е задолжително и бесплатно имаат право да бидат бесплатно сместени во ученички домови.
- Доколку ученикот прекрши, односно не спроведува негови задолженија има право на правична дисциплинска постапка.
- Може да поттикнат иницијатаива за согледување на одговорноста на вработен во училиштето доколку истиот ги крши нивните ученички права.
- Наставниците доколку забележат дека некој ги крши правата на ученикот имаат право вакавата состојба да ја пријават на директорот на училиштето.

Секако, покрај тоа што ученикот има одредени права во текот на своето школување, тој има и обврски кон кои треба да се придржува и треба да ги исполнува. Наставникот на своите ученици треба да им соопшти дека тие во текот на своето школување имаат обврска:

- Да го почитуваат училишниот ред и сите пропишани правила поврзани со истиот како и одлуките на управата и наставниците.

- Навремено да ги извршуваат своите училишни обврски, редовно да доаѓаат во училиште освен тогаш кога се спречени од оправдани причини.
- Навремено се стекнува со знаења предвидени во наставната програма и посветено го следи сопственото напредување, а за тоа ги известува своите родители, односно старатели.
- На часовите и општо во училиште се однесува пристојно без да го попречува редовниот тек на настава.
- При неговото вреднување го презентира сопственото стекнато знаење на легален начин што подразбира не се служи со препишување или употреба на разни недозволени средства преку кои не се отсликува фактичкото стекнато знаење на ученикот.
- Се почитува себеси како ученик, ги почитува неговите соученици, како и наставниците и целокупниот училишен персонал.
- Се грижи за хигиената во училиштето и околу училиштето согласно еколошките норми и прописи.
- Се грижи и не го уништува училишниот инвентар и сите училишни добра кои се неопходни за непречено реализирање на наставниот процес.
- Строго е забрането учениците да употребуваат наркотични средства и опојни дроги, како и алхохол и цигари.
- Строго е забрането учениците да носат и употребуваат огнено и ладно оружје или пак други животозагрозувачки предмети.
- Недозволиво е однесување на ученикот преку кое може да ја наруши сопствената безбедност и безбедноста на останатите околу него.
- Ученикот не смее да го оштетува, присвојува или уништува училишниот имот.
- Не е дозволено да присвојува училишни предмети или предмети кои им припаѓаат на неговите ученици и вработените во училиштето
- Не смее да ја уништува, дополнува, преправа или пак на кој било друг начин повредува училишната евиденција која се однесува на учениците и целокупното училишно работење.
- Во училиште е забрането да се употребуваат мобилни телефони или пак друга информациско комуникациска технологија во насока на загрозување на приватноста на учениците и вработените во училиштето.

Кодекс

3. ОДНЕСУВАЊЕ НА РОДИТЕЛИТЕ

◊ **СПРЕМА УЧЕНИЦИТЕ**

Родителите ќе:

- го почитуваат своето дете;
- создадат најдобри можни услови за учење;
- бидат трпеливи, секогаш подготвени за разговор и охрабрување своето дете;
- бидат реални во однос на своето дете;

- учествуваат во воспитно-образовниот процес активно.

◊ **СПРЕМА ДРУГИТЕ РОДИТЕЛИ**

Родителите ќе настојуваат да:

- се почитуваат меѓусебно;
- се залагаат за доброто на сите ученици;
- развиваат меѓусебна соработка за доброто на цело училиште.

◊ **СПРЕМА ПРОФЕСОРИТЕ И ОСТАНАТИТЕ ВРАБОТЕНИ ВО УЧИЛИШТЕТО**

Родителите ќе:

- го почитуваат професорот како личност;
- ги почитуваат напорите и залагањата на професорите;
- соработуваат и ќе ја помагаат работата на класниот раководител, другите професори и останатите вработени во училиштето;
- придонесуваат за напредување на училиштето.

Кодекс на однесување на родители

Кодексот на однесување на родителите преставува збир на позначајни начела и принципи кон кои треба да се придржуваат и истовремено да ги почитуваат родителите, чии деца се ученици на ООУ „11 Октомври“ – Скопје, Центар. Примената на Кодексот на однесување на родители е со цел да се даде позитивен пример на децата-ученици.



ОСНОВНИ НАЧЕЛА И ПРИНЦИПИ

- Да го почитуваат куќниот ред и законските одредби на училиштето;
- Да ја почитуваат хиерархијата во училиштето;
- Со своето однесување да даваат позитивен пример на своите деца ученици;
- При посетите во училиште да го почитуваат кодексот за пристојно облекување.

СОРАБОТКА НА РОДИТЕЛИТЕ СО НАСТАВНИЦИТЕ

- Да соработуваат и активно да учествуваат во решавањето на проблемите со учениците во паралелката;
- Да го подржуваат учењето на своите деца - ученици преку залагање за фер оценување;
- Да се воздржат од активности кои неоправдано би го довеле нивното дете - ученик во повластена положба при оценувањето во однос на другите ученици;
- Да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците поврзани со нивните деца;
- Да го почитуваат работното време да наставниците;
- Да го почитуваат почетокот и крајот на часот и да не влегуваат на час;
- Пристојно и со почит да се однесуваат кон наставниците и да негуваат коректен однос со нив;
- Средбите со наставниците да ги реализираат во рамките на приемните и отворените денови;
- Да не се злоупотребуваат пријателските и роднински врски при процесот на однесување и во целокупниот наставен процес;
- Редовно и навремено да одговараат на повикот од наставниците или стручната служба на училиштето;
- Да предлагаат мерки за унапредување на воспитно - образовниот процес во училиштето;
- Навремено да го оправдуваат отсуството на своите деца - ученици;
- Да не ја злоупотребуваат соработката со наставниците за подобар успех на своето дете - ученик;
- Ако се во можност да спонзорираат, но да не очекуваат повластена положба за нивните деца - ученици при оценувањето;
- Кај своите деца-ученици да ги препознаваат и попречуваат евентуалните обиди со недозволени постапки да добијат поповолни оценки од објективно утврдените;
- Да не ги споредуваат резултатите и постигнувањата на сопственото дете - ученик со неговите соученици.

РОДИТЕЛСКИ СРЕДБИ

- Редовно и задолжително присуство на родителските средби;
- Почитување на времето и дневниот ред на родителските средби;
- Почитување на време траењето на родителската средба, да не се напушта пред нејзино завршување.
- Земање на активно учество во дискусиите со конструктивни мислења и предлози, како и почитување и уважување на мислењата на останатите родители;
- Почитување и примена на одлуките донесени на советот на родители;

ОСТАНАТО


- Навремено подмирување на финансиските обврски кон училиштето (исхрана,списанија,екскурзии...);
- Земање на активно учество и вклучување во хуманитарните и добротворни акции спроведени од страна на училиштето;
- Вклучување во училишните активности и работилници;
- Придонес за зголемена безбедност на учениците во училиштето и неговата непосредна околина;
- При застанување или паркирање на своето возило да не ги попречуваат - блокираат влезовите на училиштето;
- Воздржување од коментари (позитивни и негативни) пред детето - ученикот за наставникот и за останатите служби во училиштето.

Етички кодекс

за оценувањето на постигањата на учениците

Родителите се согласуваат да:

- Не ја навредуваат личноста и угледот на наставникот со давање на подароци
- Ги прифаќаат укажувањата на наставникот за нивното дете
- Постои чесност и објективност во оценувањето
- Не ги злоупотребуваат пријателствата за подобрување на успехот на сопственото дете
- Се почитува угледот на наставникот
- Се грижат нивните деца редовно да присуствуваат на часовите



Учениците се согласуваат да:

- Оценувањето биде транспарентно
- Оценувањето биде фер
- Одговорат на поставените барања за време на наставата
- Го почитуваат угледот на наставникот
- Ги прифаќаат насоките дадени од страна на наставникот
- Не го користат препишувањето на тестовите како начин за добивање на повисока оценка

Наставниците се согласуваат да:

- Оценуваат транспарентно и објективно
- Промовираат високи морални вредности
- Не прифаќаат никаков вид на материјален надоместок особено кога е во прашање оценувањето на учениците
- Не прифаќаат интервенци од пријателите за подобрување на оценувањето на учениците
- Се грижат за личноста на самиот ученик
- Тимски соработуваат со колегите особено во процесот на оценување

Која е целта на кодексот:

- Помош во заедничкото разбирање на етичкото однесување на сите заинтересирани
- Зголемување на етичноста во оценувањето
- Стекнување доверба во образвониот систем
- Подршка на позитивни како лични така и професионални вредности
- Подршка на професионалното однесување на вработените на образованието
- Поттик на вработените во образованието да ја проценуваат етичноста на сопствените постапки

Кодекс на однесување на учениците

ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ

I. Основни норми и начела

Воспитанието и образованието се приоритет на секој ученик;

II.Ликот на ученикот

Ученикот треба:

Да се стреми кон постигнување на подобри резултати вон наставата;
Да се ангажира во воннаставните активности согласно своите можности и интереси;
Да биде објективен,коректен и одговорен во однесувањето;
Да ги почитува законските одредби во училиштето;
Да не користи алкохол, цигари и дрога во училиштето;

III.Ученикот и учењето

Ученикот треба:

Да појавува интерес за учење;
Да развива способност и навика за учење;
Да стекнува вештини за лично надоградување и организирање на слободното време;

IV.Ученикот и наставниот час

Ученикот треба:

навреме и редовно да доаѓа на настава;
задолжително да присуствува на часовите;
за секое отсуство да приложи писмено или усно оправдување од родителот или старател;
да придонесува за создавање на позитивна атмосфера на часот;
активно да се ангажира на часот;
за време на часот мобилните телефони се исклучени;

V.Ученикот и безбедноста

Ученикот не смее:

да носи на училиште ладно или огнено оружје и експлозивни направи;
да се доведе во ситуација да го загрози личниот живот и животот на другите во училиштето;
за безбедноста на личните предмети ја сноси одговорноста;

ПРАВИЛА НА КОЛЕКТИВЕН ЖИВОТ

I.Меѓусебните односи на учениците

- Меѓусебно почитување.
- Меѓусебна соработка.
- Да почитува и гради другарство;
- Да биде толерантен и да им помага на другите;
- Да пренесува знаење на другите;
- Решавање на конфликти со разговор.

II.Ученикот и училиштето

- Да доаѓа навремено и редовно на настава
- Да доаѓа уредно и пристојно облечен
- Да придонесува за создавање на позитивна атмосфера на часот
- Да го чува училишниот инвентар, да не го оштетува
- Да ги почитува правилата на училиштето
- Да не ги оштетува sидните весници
- Мобилните да бидат исклучени за време на часовите

III.Ученикот и семејството

- Ученикот редовно да ги информира родителите за успесите и неуспесите.
- Да ги информира родителите кога ќе уништи дел од инвентарот.
- Редовно да ги известува за родителските средби.
- Доколку професор или соученик или соученици физички или психички го малтретираат да ги информира родителите.

IV.Ученикот и училишните служби

- Ученикот треба да ги информита училишните служби за проблемите со кои се соочува.
- Ученикот има право да побара помош од директорот, одделенските раководители, стручните соработници и одделенските и предметните наставници.
- Доколку ученикот свесно не ги почитува овие начела и принципи, кон него ќе се превземаат соодветни педагошки мерки;

Педагошки мерки

1. Педагошките мерки се применуваат кон учениците кои ги прекршуваат правилата на училишниот живот.
2. Педагошките мерки се применуваат во следните случаи:
- Нередовно посетување на училиштето
- Нарушување на правилата во однесувањето спрема другите ученици, наставници и возрасни
- Неправилен однос кон училишниот имот
- Попречување на воспитно-образовната работа во паралелката и училиштето

ПЕДАГОШКИ МЕРКИ:	ГИ ИЗРЕКУВА:
усна опомена	одделенски раководител
писмена опомена	одделенски раководител
укор	одделенски раководител, наставчки, одделенски, совет и директор
преместување во друга паралелка	наставнички, одделенски совет и директор
намалување на поведението	наставнички, одделенски совет и директор

3. За учениците од 1 до 5 одделение се применуваат првата и втората педагошка мерка, а за учениците од 6 до 9 одделение, сите педагошки мерки.
4. За изречена педагошка мерка на ученикот се известува родителот-старателот.
5. За изречените педагошки мерки од 3 до 6 дена се поднесува приговор до Училишниот одбор во рок од 7 дена од денот на известувањето.
6. Педагошкит мерки од 1 до 4 важат до крајот на учебната година во која се изречени, а кога ќе настанат позитивни промени кај ученикот изречената педагошка мерка намалување на поведението се повлекува.

Изготвил: М.Толевска

Бр. 01-439/8
Скопје, 05.09.2018

ДИРЕКТОР
Даница Блажеска